---

Во рамки на воспоставената соработка, делегација од Колеџот на Европа – Натолин ќе ја посети Република Македонија на 5ти декември 2018 година (среда). На тој ден, директорот на службата за развој на Колеџот на Европа – Натолин, г. Марек Табор, со неговиот колега кој работи на уписи на студиите, г. Барчин Бонјади, ќе одржат две презентации:

- Првата, наменета за студентите и заинтересираните лица на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, со почеток во 10:00 часот,
- втората презентација наменета за административните службеници, во просториите на Секретаријатот за европски прашања со почеток во 14.00 часот.

Презентацијата ќе се фокусира на тековниот повик за уписи на Колеџот на Европа – Натолин за повеќето видови студии за ЕУ кои се нудат на колеџот за 2019/2020 година.

Секретаријатот за европски прашања во рамки на своите надлежности и планови, во 2016та година склучи меморандум за разбирање со Колеџот на Европа – Натолин, Република Полска. Со овој меморандум за разбирање, во духот на добрата соработка се уредува размената на знаење и искуство, научно истражувачката и апликативна дејност, едукацијата и стручното усовршување на кадрите од областите во кои двете страни имаат кадровски и други потенцијали, а кои можат да бидат искористени за унапредување на меѓусебната соработка од заемен интерес.

Повеќе информации за Огласот и за Колеџот на Европа Натолин ќе можете да на интернет страницат на Колеџот на Европа Натолин
https://www.coleurope.eu/admissions-apply-online/academic-requirements